**20230270447**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (3) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕТО СО ПОСЕБНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање на активности за постигнување на националните цели за посебните текови на отпад за 2023 година.

II

(1) Средствата за реализирање на оваа програма во вкупен износ од 120.000.000,00 денари се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година и тоа од:

1) раздел 12101, потпрограма 26, ставка 480, сметка 631-10, во износ од 105.000.000,00 денари прибрани од надоместоците согласно:

- член 18 став (1) алинеја 1, член 28 став (9) и член 31 став (8) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*),
- член 38 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (*),
- член 39 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (*) и
- член 38 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (*) и

2) раздел 12101, потпрограма 26, ставка 425, сметка 631-10 во износ од 15.000.000,00 денари.

(2) Средствата од ставот (1) точка 1) на овој дел, во износ од 105.000.000,00 денари ќе се доделат со спроведување на постапка за јавна набавка, согласно член 47 став (5) алинеја 1 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), за изградба на инфраструктурни објекти за собирање, преработка, рециклирање и отстранување на отпад од поширок јавен интерес во Република Северна Македонија.

(3) Средствата од ставот (1) точка 2) на овој дел, во износ од 15.000.000,00 денари ќе се доделат по пат на јавен конкурс, согласно член 49 став (1) алинеја 4 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), за реализирање на проект за едукација и подигнување на јавната свест на граг?аните и субјектите за постапување со посебните текови на отпад.

III

(1) Јавната набавка од делот II став (2) од оваа програма ја објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, а средствата ќе се користат за набавка на контејнери за собирање на отпад од хартија, тетрапак, пластика и метал, за сите општини во Република Северна Македонија.

(2) Доделувањето на бројот на контејнерите од ставот (1) на овој дел по општина ќе се врши врз основа на бројот на жителите во општините во Република Северна Македонија и тоа на следниот начин:

- за општина до 5000 жители се доделуваат 13 контејнери,
- за општина од 5001 до 15000 жители се доделуваат 40 контејнери,
-за општина од 15001 до 23000 жители се доделуваат 60 контејнери,
- за општина од 23001 до 40000 жители се доделуваат 104 контејнери и
- за општина над 40000 жители се доделуваат 260 контејнери.

(3) Министерството за животна средина и просторно планирање ја спроведува јавната набавка од ставот (1) на овој дел најдоцна до крајот на месец април 2023 година, а контејнерите ќе бидат поделени на општините најдоцна до крајот на месец август 2023 година.

IV

(1) Јавниот конкурс од делот II став (3) од оваа програма го објавува Министерството за животна средина и просторно планирање - Управата за животната средина, најдоцна во месец февруари 2023 година согласно член 49 став (5) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (*), а средствата ќе се користат за ангажирање на правни лица регистрирани за вршење дејност управување со комуникации и односи со јавност со цел на национално ниво да се реализира едукација и подигнување на јавната свест на граѓ?аните и субјектите за постапување со посебните текови на отпад.

(2) За користење на средствата за намената од ставот (1) на овој дел правни лица регистрирани за вршење деј ност управување со комуникации и односи со јавност поднесуваат барање до Министерството за животна средина и просторно планирање-Управата за животната средина во временски период од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот конкурс.

(3) Од страна на комисија формирана од министерот за животна средина и просторно планирање за спроведување на јавниот конкурс од ставот (1) на овој дел во временски период од 30 дена од денот на истекувањето на рокот за аплицирање од ставот (2) на овој дел се доставува предлог за распоредување на средствата до министерот, кој врз основа на истиот одлучува за распоредување на средствата од јавниот конкурс најдоцна до крајот на месец мај 2023 година.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-619/7
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.